Корпоративно утро

ВАСКО МАРКОВСКИ

БИБЛИОТЕКА – **Поетите од Наше маало**

Главен уредник
**Филип Димевски**

Наслов на оригиналот
**Васко Марковски, КОРПОРАТИВНО УТРО**

**© Васко Марковски, 2023**
**© Бегемот, 2023**

Лектура
**Анета Василевска-Љубецкиј**

Компјутерска обработка
**Бегемот**

Графичко уредување
**Наталија Лукомска**

---

© Сите права на изданието ги има – БЕГЕМОТ ДООЕЛ. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

# КОРПОРАТИВНО УТРО

ВАСКО МАРКОВСКИ

Бегемот

Скопје, 2023

**КОГА ПАТУВАЧОТ ГО ПРЕСРЕТНА НОВИНАРОТ ВО ЕДНО КОРПОРАТИВНО УТРО**

(Биографија на Васко Марковски)

По поминати десетина и повеќе години по различни медиуми – „Република“, „Life Магазин“, „Free Time Guide – Macedonia“, „Форум“, „Шпиц“, „Вечер“, „Дневник“, „Македонско радио“ и др. – Васко Марковски ги усовршува и надградува новинарските жанрови и низ формата и низ содржината. Неговите текстови зрачат со љубопитност и со целосна посветеност на тоа што го работи. Силниот авторски печат е дополнет со оригиналноста и со искреноста во пренесувањето на добриот збор, на добриот поглед и на изборот на поинаков фокус во гледањето на нештата, често потпомогнато и со неговата љубов кон фотографијата. Акцентирањето на убавините е, исто така, дел од тој печат – на пример, градот што постојано се менува е тема на серијалот „Урбани легенди“ (I издание, Бегемот 2018; II издание, Бегемот 2023), текстови посветени

на Скопје. Во серијалот „Непозната Македонија“ (Бегемот 2020), патувачкото перо на Марковски потсетува на факти и на адути на една земја за која сè почесто забораваме дека е прекрасна. Епизодите за Македонија нему му ја носат наградата The Best Promoter of Macedonia во 2011 година, а на читателската публика ѝ даваат сериозна доза бегство од медиумското сивило.

Интересот за музиката, фотографијата, радио и за ТВ-репортажите, поезијата и за неколкуте странски јазици – англиски, чешки, турски – кои, како што би рекол Милорад Павиќ, ги носи под јазик како туѓи камења, само му го прошируваат полето „за борба“ на љубопитникот. Видно заинтригиран и од моќта и од можностите на новите медиуми, Марковски го создава и веб-порталот dobrivesti.mk, во кој си го најде „теренот“ и си го зема „товарот“ да биде добар аберџија 365 дена во годината.

Зборовите се тркалаат, јазиците не мируваат, предизвикот е формата – вели тој. Пишувајќи серијали од долги текстови, посакал оддишка во „мал формат“. Така, според неговото раскажување, се сретнал со хаикуто и... „се бендисале“. Ама таа хемија не е случајна затоа што го потсетила на една „епизода“ многу пред новинарските утра, кога го открил турскиот поет Орхан Вели. Некаде меѓу тие две старо-нови средби (со Орхан Вели и со хаикуто), се раѓаат песните што меѓу две корици ќе бидат познати како „Корпоративно утро“.

И повторно е исклучена можноста за случајност, зашто се чини дека патувачот-љубопитник Васко токму во едно/некое такво утро го има пресретнато новинарот – Васко. Обајцата го здогледале третиот, поетот Васко, кој, пак, со рака над главата, со подзамижани очи им ветил дека сѐ што тие двајца помислиле да кажат, ќе го стокми тој, во „ритамот“ 5/7/5.

Ветено – сторено. „Корпоративните“ стихови денес веќе имаат свои наследници во „Хаику дневникот“ што Васко грижливо го води на dobrivesti.mk.

м-р Александра Јуруковска

## 001

Ѕвезда на Давид
околу врат си ставам
корпоративно утро.

## 002

Тргнав да мочам
ме извади од памет
сушач за раце.